# ‚Бидете послушни и покорни, затоа што тие ќе одговараат за она за што се обврзани, а и вие ќе одговарате за она за што сте обврзани.‘“

Од Ваил ал Хадрамиј, се пренесува дека рекол: „Селеме ибн Језид ал Џуфи, радијаллаху анху, го прашал Аллаховиот Пратеник, алејхи селам: ‚О Аллахов пратенику, ако владетелите кои владеат со нас, ги бараат од нас нивните права, а ги негираат нашите права, што ни заповедаш да правиме?‘ Тој се оддалечи од него, па тој повторно го праша, а тој пак се сврте од него, и го праша по вторпат или третпат, тогаш Ешас бин Каис го повлече и рече: ‚Бидете послушни и покорни, затоа што тие ќе одговараат за она за што се обврзани, а и вие ќе одговарате за она за што сте обврзани.‘“

[صحيح] [رواه مسلم]

Пратеникот, алејхи селам, беше прашан за владетелите кои го бараат своето право од народот, а тоа е послушност и покорност, но тие не им го даваат нивното право: да бидат праведни кон нив, да им го поделат воениот плен, да ја сопрат неправдата и кон сите да се однесуваат рамноправно, па што ни заповедаш да правиме со нив? Пратеникот, алејхи селам, се оддалечил од него. Како да не ги посакуваше овие прашања, но човекот го повтори прашањето по вторпат и третпат, па Ешас бин Каис, радијаллаху анху, го повлече со цел да го замолчи. Пратеникот, алејхи селам, тогаш му одговорил и рекол: „Бидете послушни и покорни на нивнате наредби. Тие се одговорни за она со што се задолжени во однос на правдата и исполнувањето на правата на поданиците, а вие сте одговорни за она со што сте задолжени во однос на послушноста, почитувањето на правата и да бидете трпеливи во искушението.“

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/5037